АФПЗРР-СОП-ФО-10

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

# НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2025 ГОДИНА

# У П А Т С Т В О

ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА:

## МЕРКА131 ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

МАЈ 2025

# *СОДРЖИНА*

ВОВЕД....3
ЦЕЛ НА ПРОГРАМА....3
НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ....4
МЕРКИ НА ФИНАНСИРАЊЕ....4
МЕРКА 131 – ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ....4
Подмерка 131.2 – Инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга....4
ВИСИНА НА ПОДДРШКА....5
КОРИСНИЦИ....5
ДОПОЛНИТЕЛНИ БАРАЊА ЗА ПОДДРШКА....5
НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ....5
ОПШТИ ПРИНЦИПИ....5
ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ....6
ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ....7
ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ....9
ПОСТАПКА ПРЕД АФПЗРР....11
ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ....11
ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ....14
ДЕФИНИЦИИ....15

# ВОВЕД

Ова Упатство има за цел запознавање на корисниците со целта, начинот на спроведување и намената на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година за Мерка:

Мерка 131 - Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност,

(Подмерка131.2) Инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга

Упатството вклучува и објаснување по однос на процесот на доставување на документи, обработка на барањата, потпишување на договори, контрола на лице место и реализација на инвестициите.

# ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Што се финансира со мерките од Програмата?

Мерките се насочени кон финансирање на капитални инвестиции и финансирање на оперативни и материјални трошоци. Во одредени случаи се финансираат и трошоците за изработка на градежни проекти. Финансиската поддршка се однесува исклучиво на инвестиции кои се наведени како прифатливи инвестиции во рамки на секоја потточка одделно.

Средствата за Мерката 131  Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност се наменети, за инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга.

Што нема да се финансира со мерките од Програмата?

Со мерките од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година нема да се финансираат јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки, судски такси, лизинг, и надомест за социјално здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

Исплата на средства?

Исплатата на средствата за мерките дефинирани во оваа Програма ја врши Агенцијата, преку Секторот за одобрување на исплата, во висина на вредност на прифатливи трошоци со исклучок на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

## МЕРКИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

## МЕРКА131 - ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

*Подмерка 131.2* - Инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга

Прифатливи Трошоци:

- трактори;
- култиватори или мото-култиватори;
- опрема и приклучна механизација за припрема на почвата, садење или за берење/собирање/жнеење и транспорт;
- генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјоделски имот на корисникот;
- системи за наводнување;
- хидротехничка опрема за одржување на системите за наводнување;
- опрема за загревање и климатизирање на заштитни простории;
- конструкции за поставување на заштитни мрежи и фолии;
- заштитни мрежи и фолии;
- системи против замрзнување (антифрост системи);
- навигациони системи за механизација и комбајни;
- опрема за производство на амбалажа за постбербени активности;
- опрема за складишни капацитети;
- електрични огради за заштита од дивеч;
- опрема за пластеници и стаклeници (вклучително и Хидропоника и/или Аеропоника);
- опрема за производство на енергија од обновливи извори за потребите на земјоделската задруга;
- градежни материјали и елементи за конструкција на капацитет за постбербени активности или купување на постоечки објект за постбербени активности;
- градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- градежни материјали и елементи за конструкција на расадници со опрема за микроклиматски услови;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи;
- услуги од трети лица за инсталирање на опремата вклучително и софтвер; и
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;

## ВИСИНА НА ПОДДРШКА

Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник за мерка 131 изнесува до 15.000.000 денари годишно.

Поддршката од Подмерката 131.2 за Инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга се доделува во износ до 90% од вкупно прифатливите трошоци од вкупната вредност на набавката.

## КОРИСНИЦИ

Корисници на мерката 131 се земјоделски задруги регистрирани во Регистар на други правни лица во Централен регистар на Република Северна Македонија, согласно Закон за задругите и запишани во евиденција на земјоделски задруги при МЗШВ согласно Правилник за евиденција на земјоделски задруги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 79/25”)

## ДОПОЛНИТЕЛНИ БАРАЊА ЗА ПОДДРШКА ЗА ПОДМЕРКА 131.2

-Одлука на земјоделската задруга за потребата од инвестиции донесена согласно Статут

-Исплата на плата за еден вработен во земјоделската задруга за претходната година или за новоформираните земјоделски задруги исплата на плата за тековната година сметано од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавниот повик за поднесување на барања за финансиска поддршка.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

## ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година за подмерката 131.2 се врши врз основа на одобрено барање за користење на средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка склучен со Агенцијата.

Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Барателите за подмерката 131.2 не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишување на  Договор за ко-финансирање со Агенцијата.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

*ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ*

- Принцип на грант - Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.
- Принцип на видливост - Корисникот е должен во рок од 5 години да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата.

# ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ

-Поддршката се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, кој треба да ја предвидува потребата за користење на реализираната инвестиција за период од пет години од денот на одобрувањето на поддршката.

-Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства за мерата 131 за Инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга се рангираат со бодување согласно подолу прикажаната табела, утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој.

-Агенцијата ќе склучи договори во рамките на расположливите средства со барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка. Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година, Агенцијата ќе им даде предност на барателите согласно бодовите за рангирање, датумот и времето на поднесување на Барањето.

Бодување за економски здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност за инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга

| Критериуми | | Бодови |
|---|---|---|
| Број на вработени во земјоделската задруга на денот на поднесување на барањето за користење на поддршката | -ако има еден вработен<br>-ако има два вработени<br>-ако има три и повеќе вработени | 10<br>20<br>30 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупен приход на земјоделската задруга согласно податоците од годишната сметка за претходната година | -ако е од 250.000 до 1.000.000 денари<br>-ако е од 1.000.001 до 3.000.000 денари<br>-ако е над 3.000.000 денари | 10<br>20<br>30 |
| Учество на жени членови на земјоделската задруга, без разлика на возраста | -ако има една или повеќе жени членови на земјоделската задруга | 10 |
| Учество на членови на земјоделската задруга кои на денот на поднесување на барањето за користење на поддршката се на возраст до 40 години | -ако има едно лице или повеќе лица на возраст до 40 години | 5 |
| Овластено лице за застапување на земјоделската задруга кое на денот на поднесување на барањето за користење на поддршка е на возраст до 40 години | -ако има едно лице или повеќе лица на возраст до 40 години | 15 |
| Седиштето на земјоделската задруга е во рурална средина | -ако седиштето е лоцирано во рурална средина согласно Список на рурални средини и рурални заедници во Република Македонија | 10 |
| Вкупно | | 100 |

-Најголем број на бодови што може да ги добие земјоделската задруга изнесува 100 бода, согласно со бодувањето дадено во Прилог кој е составен дел на овој правилник.
-За да биде прифатлива, земјоделската задруга треба да добие најмалку 50 бода.

# ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 131

| VI. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ | |
|---|---|
| Напомена: Потребните документите кои се доставуваат во прилог на барањето за финансиска поддршка, треба да се оригинал на македонски јазик или копија заверена на нотар, доколку не е поинаку определено. Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена со превод на македонски јазик оверен од овластен преведувач. Доколку се работи за официјален документ на друга држава треба да биде оверен со апостил. | |
| 1. | Уредно и целосно пополнето Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година ПРР - 131 |
| 2. | Деловен план - изготвен согласно Упатството за изготвување на Деловен план за работа на земјоделската задруга со планирана инвестиција |
| 3. | Понуда или профактура со детална спецификација за производи/услуги до 10.000 евра или Три понуди или профактури со детална спецификација за производи/услуги над 10.000 евра кои ќе бидат споредливи помеѓу себе по ставки, количина и капацитет и посебно изразено ДДВ. Понудите да не се постари од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик (доколку барателот не ја одбере најниската понуда/про-фактура, барателот е должен во прилог на Барањето да достави образложение за одбраната понуда по однос на цена и технички спецификации) |
| 4. | Решение за упис во Регистарот на други правни лица во Централниот регистар на Република Северна Македонија |
| 5. | Одлука на земјоделската задруга за потребата од инвестиции донесена согласно Статут |
| 6. | Доказ за остварен вкупен приход на земјоделската задруга согласно податоците од годишна сметка за претходната година<br><br>*Напомена: документот не се однесува на земјоделска задруга формирана 2025 година* |
| 7. | Доказ за исплата на плата за еден вработени во земјоделската задруга за претходната година или за новоформираните земјоделски задруги исплата на плата за тековната година сметано од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавниот повик за поднесување на барања за финансиска поддршка |

| | |
|---|---|
| 8. | Доказ за поседување или располагање со недвижен имот:<br>- Имотен лист - издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик ИЛИ<br>- Договор за закуп на земјиште/објект во траење од најмалку 5 години сметано од денот на објавување на јавниот повик, и прилог имотен лист за земјиште/објектот на име на закуподавачот издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик ИЛИ<br>- Договор за концесија на земјиште/објект во сопственост на Република Македонија со важност од најмалку 5 години сметано од денот на објавување на јавниот повик со Записник за воведување во владение и прилог имотен лист<br><br>***Напомена**: Доказ за поседување/располагање со недвижен имот се доставува во случај кога инвестицијата опфаќа конструкција на објект, купување на постоечки објект, систем за наводнување, ископ на бунари, градба, пластеници и стакленици* |
| 9. | - Договор за испорака на вода за наводнување со назначени катастарски парцели на кои се однесува договорот - склучен со водна заедница или водостопанско претпријатије ИЛИ<br>- Дозвола за црпење на вода која се користи за наводнување издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина ИЛИ<br>- Известување за поднесено барање за издавање на Дозвола/Мислење за црпење на вода која ќе се користи за наводнување издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина ИЛИ<br>- Мислење за црпење на вода која се користи за наводнување издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање<br><br>*Напомена: за инвестиции кои вклучуваат набавка на систем за наводнување и/или ископ на бунар* |
| 10. | - Одобрение за градба, конструкција со ревидирана проектна документација со предмер пресметка врз основа на која е издадено одобрението за градба, конструкција, поставување опрема за производство на енергија од обновливи извори на енергија од единицата за локална самоуправа ИЛИ<br>- Потврда од општината дека за предложената инвестиција не е потребно одобрение за градба ИЛИ<br>- Поднесено известување до општината за поставување на фотоволтаици до 6kw (за физички лица) и до 40kw ( за правни лица)<br><br>*Напомена: за инвестиции кои вклучуваат градба, конструкција и/или поставување на фотоволтаици* |

| | |
|---|---|
| 11. | - Договор/Понуда за услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, инсталирање на опрема вклучително и софтвер<br>- Договор/Понуда за услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација<br><br>*Напомена: Договор за услуги од трети лица се доставува доколку услугата е од физичко лице, или Понуда се доставува доколку услугата е од правно лице. Договор за услуги се доставува доколку барателот користи услуги од трети лица и за истите бара финансиска поддршка* |

ПОСТАПКА ПРЕД АФПЗРР

## Поднесување на барање

По објавување на јавниот повик, од страна на АФПЗРР, за поднесување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година, потенцијалниот корисник на средствата треба да поднесе барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година по соодветната мерка.

По поднесувањето на барање за користење на финансиска поддршка, истото се пополнува и потпишува од страна на Барателот и заедно со сите пропратни документи, соодветни на типот на инвестицијата се доставува до Агенцијата во затворени во плик на кој на горниот лев агол да пишува

„Барање за финансиска поддршка, Архивскиот број на Барањето (0325-13111-XXXX/1)“ на следната адреса:

АФПЗРР – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој ул. „3-та Македонска бригада" бр.20 (зграда на Македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје, Република Македонија или лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса.

## Обработка на барање и избор на корисници

По направената контрола за комплетност на барањето, веродостојност на податоците дадени во барањето и неговата прифатливост согласно со критериумите и во определени случаи контрола на лице место, следува рангирање на поднесените барања со бодување опишано погоре во ова упатство. Потенцијалниот корисник ќе биде писмено известен за прифаќање или одбивање на неговото барање во рок не подолг од 3 месеци од завршување на јавниот повик.

Доколку барањето биде оценето позитивно и прифатено, АФПЗРР до потенцијалниот корисник испраќа “Решение за одобрување на барање”.

Против решенијата на АФПЗРР не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка.

Против решенијата на АФПЗРР може да се поведе управен спор. Поведувањето на управниот спор не го одлага извршувањето на решението (член 20 од Законот за основање на АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник" на Република Македонија број 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 190/19).

Напомена: Документите од Централен регистар на Република Македонија како и податоците од Единствениот регистар на земјоделски стопанства, Агенцијата го прибавува по службена должност.

## Склучување на договор

Со решението за одобрување на барање (проектот), АФПЗРР го известува потенцијалниот корисник дека во определен рок треба да дојде во просториите на АФПЗРР да потпише „Договор за финансиска поддршка" (пример договор е даден во прилог на ова упатство). По потпишување на договорот потенцијалниот корисник може да отпочне со реализација на проектот. Договорот се потпишува во 4 (четири) идентични примероци од страна на корисникот и директорот на АФПЗРР, од кои по два примерока добива секоја од договорните страни.

## Обработка на барање за исплата и постапка за одобрување на исплата

Откако ќе биде завршена инвестицијата корисникот треба да достави барање за исплата и останата документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е завршена. Документите кои ќе бидат доставени од страна на корисникот треба да бидат заверени со потпис и печат од органот/фирмата која ги издава.

Барање за исплата е унифициран образец кој корисниците ќе го добијат при потпишување на договорот за финансиска поддршка.

Барањата за исплата се доставуваат до АФПЗРР согласно временскиот рок определен во Договорот. Корисникот е обврзан своерачно да го пополни соодветното барањето за исплата и ги достави потребните документи до АФПЗРР, притоа наведувајќи за која мерка и тип на инвестиција го поднесува истото.

Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи после завршување на постапката за одобрување на исплата АФПЗРР ги враќа истите заедно со донесеното решение до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на АФПЗРР како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се доставаат после рокот, барањето ќе биде одбиено и договорениот износ на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

Доколку корисникот направил промени во инвестицијата кои не се предмет на договорот, а притоа не е поднесено барање за анекс на договор, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настаната промена ќе го има врз целокупната инвестиција која е предмет на договорот.

Доколку корисникот не се придржува кон одредбите од договорот кои се однесуваат на рокот на реализација на инвестицијата, треба да се има во предвид дека сите активности настанати пред потпишување на договорот (освен трошоците направени за интелектуални услуги) нема да се дел од финансиската поддршка. Сите активности набавени пред рок т.е. пред потпишување на договорот нема да бидат предмет на инвестиција. Исто така сите набавени и исплатени активности после рокот на реализација на инвестицијата или во рокот на доставување на барањето за исплата нема да бидат предмет на финансиска поддршка.

По административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на АФПЗРР кои имаат за цел да ја проверат реализацијата на инвестицијата во целост и во согласност со договорот. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

По извршената контрола, доколку се констатира дека реализацијата на инвестицијата е во целост и во согласност со договорот, се продолжува со постапката за одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност на процесот на реализација на инвестицијата во целост и во согласност со договорот се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата.

Откако ќе биде одобрена исплатата, АФПЗРР донесува решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено барањето за исплата, АФПЗРР донесува решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена, притоа може да приложи тужба до Управен суд согласно законските предвидени постапки.

**Сите одобрени и исплатени инвестиции ќе бидат предмет на контрола во период од 5 години после извршената исплата со цел да констатира одржливоста и непроменетоста на инвестицијата согласно договорот.**

ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ

1. Барателот поднесува едно уредно и комплетно пополнето барање за користење на средства
2. Барателот ја доставува документација во затворен плик, преку пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул. бул„3-та Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак Блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на агенцијата секој работен ден од 9:00 до 14:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" и мерката / потточката за која аплицира.
3. Барателот ја доставува дополнителната документација во затворен плик. преку пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул. бул„3-та Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак Блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на агенцијата секој работен ден од 9:00 до 14:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" дополна за архивски број.
4. Доколку инвестицијата вклучува градба за која согласно Законот за градба е потребно да се достави одобрение за градба од надлежен орган заедно со техничката документација врз основа на која е издадено одобрението за градба.
5. Доколку понудите/про-фактурите кои се доставени во прилог на проектот се од странство, потребно е истите да бидат преведени на македонски јазик од овластен судски преведувач.
6. Исплатата на средства од оваа Програма по корисници ја врши Агенцијата врз основа на претходно одобрени барања со склучен договор за финансиска поддршка за рурален развој и одобрени барања за исплата.
7. Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата во висина на вредност на прифатливи трошоци согласно оваа Програма со исклучок на вредноста на јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки, судски такси, лизинг, и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.
8. Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи инвестицијата ко-финансирана од средствата на оваа Програма во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата.

9. Доколку вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во профактурата/понудата, или доколку вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во профактурата/понудата се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, Агенцијата како важечка сума за ко-финаисрање ке ја земе пониската вредност.
10. Доколку корисникот на средства од Програмата поднесе барање за измена и дополнување на Договорот во случаи наведени во Договорот (прилог 1 на ова упатство), истиот е должен да достави барање за измена и дополнување на Договорот;
11. Доколку барателот или корисникот на средства од Програмата ја промени адреста за коресподенција, истиот е должен да ја извести Агенцијата.
12. Доколку барателот се откажува од инвестицијата односно не бара финансиска поддршка од Агенцијата, пред донесување на одлука за ко-финансирање, истиот е должен писмено да ја извести Агенцијата
13. Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи инвестицијата ко-финансирана од средствата на оваа Програма во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата.
14. Почеток на реализација на инвестициите е по потпишување на договорот.
15. Барателот јасно да го назначува бројот на одбраната понуда или про-фактура.
16. Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација.

Образецот-Барање за користење на средства и Барање за исплата на средства заедно со листата на потребни документи кои се доставува во прилог на барањето се достапни на веб страната на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk. и во архивата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. За подетално информирање на потенцијалните баратели на финансиска поддршка изготвено е Упатство за корисници за сите мерки кое исто така може да се подигне на горе споменатите места.

НАПОМЕНА: Во случај на техничка грешка во текстот на овој оглас важат одредбите од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година Контакт: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти или Сектор за одобрување исплати.
Телефон 02 3097 450, секој работен ден од 10.00 до 16.30 часот
Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

## ДЕФИНИЦИИ

Во контекст на овој договор, изразите кои се користат во овој договор го имаат следното значење:

- "Вкупна одобрена вредност на инвестицијата" се трошоците кои АФПЗРР ги одобрува како прифатливи за ко-финансирање согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година;
- "Финансисика поддршка" се средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година кои АФПЗРР ги ко-финансира во согласност со овој договор;
- "Општи трошоци" се надоместоците за архитекти и инженери, други трошоци за консултантски услуги, физибилити студии, стекнување со патент, права и дозволи;
- "Прогласена природна непогода" се инциденти предизвикани од природни сили кои е невзможно да се контролираат, а кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и предизвикуваат штети на земјиштето, културното наследство и животната средина (земјотреси, поплави, ерозии, лавини, лизгања на земјиште, бури, оштетувања на брани и бедеми, суши, атмосферски катастрофи).
- „Виша сила" е исклучителен настан или околности, надвор од контролата на договорните страни која ги спречува едната или двете договорни страни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ 2025

Ова Упатство е БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК наменет за потенцијалните корисниците на средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2025– Мерка 131, во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на „Барањето за финансиска поддршка“.

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
бул. „ 3-та Македонска бригада“ бр.20
(зграда на Македонија Табак блок Ц )
1000 Скопје

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**бул. Трета Македонска Бригада бр.Ц 1000 Скопје**

*Мај 2025*